**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-470

20.09. **2018 година**

**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4157/1 од 17.09.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје во рамките на својот програмски сервис емитуван на 9 август 2018 година, во емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа:

- во емисиите „Вести на Метрополис радио мрежа" (куси вести), емитувани во периодот од 08:02:15 часот до 08:04:20 часот, во периодот од 09:01:07 часот до 09:03:12 часот, во периодот од 09:59:53 часот до 10:02:50 часот, во периодот од 10:59:00 часот до 11:03:47 часот, во периодот од 12:59:03 часот до 13:02:17 часот, во периодот од 13:58:59 часот до 14:04:33 часот, во периодот од 14:59:32 часот до 15:02:20 часот, во периодот од 15:58:39 часот до 16:04:10 часот, во периодот од 17:00:05 часот до 17:03:19 часот, во периодот од 18:00:00 часот до 18:02:26 часот и во периодот од 18:05:55 часот до 18:07:11 часот, не се објавени административните податоци, ни за уредувачкиот ни за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата;
- во дневно - информативните емисии што не се во продукција на радиодифузерот, „Вести од Радио Слободна Европа" емитувани во периодот од 06:44:17 часот до 06:59:06 часот, во периодот од 18:58:50 часот до 19:14:43 часот и во периодот од 21:59:04 часот до 22:14:50 часот, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата; и
- во забавните говорно - музички емисии: „Нарачавте будење" емитувана во периодот од 07:00:00 часот до 08:00:00 часот; „Програмски појас – „Добро утро/Добар ден", што ги вклучува емисиите – „Петар за појадок и пауза" и „Чекај зелено" емитувани во периодот од 08:00:00 часот до 13:00:00 часот; и „Ултрамјузик" емитувана во периодот од 20:00:00 часот до 21:58:50 часот, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата.

часот, не се објавени административните податоци, ни за уредувачкиот ни за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата;

- во дневно - информативните емисии што не се во продукција на радиодифузерот, „Вести од Радио Слободна Европа“ емитувани во периодот од 06:44:17 часот до 06:59:06 часот, во периодот од 18:58:50 часот до 19:14:43 часот и во периодот од 21:59:04 часот до 22:14:50 часот, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата; и

- во забавните говорно - музички емисии: „Нарачавте будење“ емитувана во периодот од 07:00:00 часот до 08:00:00 часот; „Програмски појас – „Добро утро/Добар ден“, што ги вклучува емисиите – „Петар за појадок и пауза“ и „Чекај зелено“ емитувани во периодот од 08:00:00 часот до 13:00:00 часот; и „Ултрамјузик“ емитувана во периодот од 20:00:00 часот до 21:58:50 часот, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско – реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата.

Повредата од точка 1 од ова решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-4157/1 од 17.09.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4157/1 од 17.09.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-4157/1 од 17.09.2018 година.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
17-09.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4157 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 август 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 септември 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 9 август 2018 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

Според членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот е должен за *„секој поединечен носител на содржина"*, односно во секоја засебна, говорна или говорно-музичка, новинарски осмислена емисија, како и за колажно составените програмски појаси (утринска / ноќна програма) - да ги објави административните податоци за

импресумот, имено: одговорниот уредник или посебните уредници, авторскиот, новинарско-реализаторски тим, како и потеклото и датумот на продукцијата.

Во случајов, за одредени изданија на засебни, новинарски обликувани говорни и говорно-музички целини со информативна и со забавна програмска функција од програмата емитувана на 9 август, бараните податоци беа објавени делумно или, пак, воопшто не беа објавени.

**9.08.2018 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 08:02:15 | 08:04:20 | За ниту едно издание од наведените емисии куси вести не се објавени административните податоци, ни за уредувачкиот ни за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата; |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 09:01:07 | 09:03:12 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 09:59:53 | 10:02:50 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 10:59:00 | 11:03:47 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 12:59:03 | 13:02:17 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 13:58:59 | 14:04:33 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 14:59:32 | 15:02:20 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 15:58:39 | 16:04:10 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 17:00:05 | 17:03:19 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 18:00:00 | 18:02:26 | |
| Вести на Метрополис радио мрежа | 18:05:55 | 18:07:11 | |

**9.08.2018 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Вести од Радио Слободна Европа | 06:44:17 | 06:59:06 | Во наведените изданија на дневноинформативните емисии, што не се во продукција на |
| Вести од Радио Слободна Европа | 18:58:50 | 19:14:43 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вести од Радио Слободна Европа | 21:59:04 | 22:14:50 | радиодифузерот, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско–реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата; |

**9.08.2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Нарачавте будење | 07:00:00 | 08:00:00 | Во наведените изданија на забавните говорно-музички емисии, недостасуваат административните податоци за уредништвото, не се целосни податоците за новинарско –реализаторскиот тим, а не е објавен ни датумот на продукцијата; |
| Програмски појас - „Добро утро / Добар ден", што ги вклучува емисиите – „Петар за појадок и пауза" и „Чекај зелено"; | 08:00:00 | 13:00:00 | |
| Ултрамјузик | 20:00:00 | 21:58:50 | |

***Белешка:***

*Табеларно наведените периоди земени се од софтверот што го користи Агенцијата. За правилно, целосно објавување на административните податоци барани според членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот треба да го следи примерот на „Стереовозење", забавно-информативната емисија при чија одјава јасно беше објавено дека е од сопствена продукција, а објавени беа и сите други законски барани податоци, иако едно лице ја презело одговорноста - и како водител, и како уредник и како технички реализатор на емисијата.*

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 9 август 2018 година, во емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*